РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
TRUPI I REVIZIONIT PËR REVIZION TË INSTRUMENTIT PËR NDIHMËN E PARAANËTARËSIMIT
Бр./Nr. 01-1102/1
27.10. 2025 год./viti.
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ревизорско тело за ревизија на ИПА
Trupi i revizionit për revizion të IPA-s
Audit Authority for audit of IPA

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА

# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Скопје, Октомври 2025 година

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош ("Службен весник на РМ" бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18) и ("Службен весник на РСМ" бр. 251/22 и 262/23), а во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ, бр. 101/19), Стратегијата за транспарентност 2023-2026 на Владата на Република Северна Македонија, Главниот ревизор за ИПА на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош донесе Интерна процедура за постапување по барањата за информации од јавен карактер

## 1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА

Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (во натамошниот текст: Ревизорско тело) е еден од имателите на информации од јавен карактер кое согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е должно да постапува по барања за информации од јавен карактер.

Донесувањето на овој интерен акт е со цел да се запази постапката од поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер до изготвување на управниот акт (решението) кој се испраќа до барателот на информацијата.

## 2. ПРИМЕНА

Интерната процедура е задолжителна за службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, вработените во Ревизорското тело кои се вклучени во процесот на постапување на предмети од делокругот на нивното работење, односно кои постапуваат по информации во која било форма што ги создало или со кои располага Ревизорското тело како имател на информации од јавен карактер согласно своите надлежности.

## 3. ПРОЦЕДУРА/ПОСТАПКА/АКТИВНОСТИ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно чекорите за реализација, како и своите задолженија, процедурата ја применуваат:

- Главниот ревизор за ИПА/Заменик на главниот ревизор за ИПА

- Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Службено лице);
- Советници на Главниот ревизор за ИПА;
- Помошници на главниот ревизор за ИПА;
- Раководители на Секторите/Одделенијата;
- Вработените во Ревизорското тело кои се вклучени во процесот на постапување по предмети од делокругот на нивното работење;

### 3.1. Постапување по Барање за информации од јавен карактер

По разгледување на добиеното барање од страна на Главниот ревизор за ИПА, барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер се заведува во електронскиот деловодник во Архивата на Ревизорското тело, по што се доставува до Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на негово понатамошно постапување.

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер ја води и комплетира постапката по применото барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер при што:

- По приемот, Службеното лице го разгледува барањето и се запознава со неговата содржина;
- Службеното лице го препраќа по е-архива/електронска пошта барањето до Советниците/Помошниците/Раководителите на секторите/Вработените овластени за конкретна област кои се должни да ја дадат информацијата која се бара во барањето наведувајќи дека одговор мора да се даде во најкус можен рок;
- Советниците/Помошниците/Раководителите на секторите/Вработените овластени за конкретна област кои се должни да ја дадат информацијата, истата се должни да ја дадат на Службеното лице во најкус можен рок или најмногу 5 (пет) дена пред истекот на законскиот рок од 20 дена за одговор на барањето;
- Службеното лице согласно одговорот на барањето на информацијата од Советниците/Помошниците/Раководителите на секторите/Вработените овластени за конкретна област кои се должни да ја дадат информацијата, го изготвува решението;

- Изготвеното решение, Службеното лице го доставува на потпис на Главниот ревизор за ИПА;
- Потпишаното решение, Службеното лице го архивира со архивски број и со печат на Ревизорското тело;
- Решението потпишано, архивирано со архивски број и со печат, Службеното лице во зависност од начинот на кој е побарано го доставува до Барателот.

Службеното лице контактира и ги дава потребните информации и му помага на Барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

При тоа, ако барањето е непотполно и поради тоа Ревизорското тело како имател на информацијата не може да постапува, Службеното лице ќе побара од Барателот на информацијата во рок од 3 дена да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Службеното лице е должно на Барателот да му даде соодветна помош при дополнување на барањето.

Барателот е должен да го дополни Барањето во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на Барањето.

Ако Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице ќе изработи Решение со кое ќе го отфрли барањето. Изработеното решение ќе го достави за потпис кај Главниот ревизор за ИПА. Решението заедно со потпис и печат се испраќа до Барателот на начин кој е побаран од страна на Барателот во барањето. Против решението, Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Ако Барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и поради тоа Ревизорското тело не може да постапи по барањето, Службеното лице ќе изработи Решение со кое ќе го отфрли барањето. Изработеното решение ќе го достави за потпис кај Главниот ревизор за ИПА. Решението заедно со потпис и печат се испраќа до Барателот на начин кој е побаран од страна на Барателот во барањето. Против решението, Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

### 3.2. Постапување по усно Барање за информации од јавен карактер

Ако Барателот бара пристап до информации од јавен карактер со усно барање. Службеното лице во име на Ревизорското тело како имател на информација, е должно најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на поднесување на барањето, да му овозможи на барателот запознавање со содржината на бараната информација на начин што му овозможува увид или му обезбедува препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација, на начин со кој барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина, за што Службеното лице составува записник, освен ако се работи за информации од членот 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ако Ревизорското тело како имател на иформацијата одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори на барањето, како и ако барателот има устен или писмен приговор на начинот на запознавањето со информацијата, Службеното лице е должно за барањето да изготви Решение во кое ќе внесе податоци за Барателот, датумот на прием на барањето и да го извести Барателот за посебното барање, односно за бараната информација.

Против решението од член 13 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Во случаите од член 13 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, натамошната постапка по усно барање продолжува како и по писмено барање во согласност со Законот.

### 3.3. Постапување по писмено Барање за информации од јавен карактер

За писменото барање за пристап до информации од јавен карактер одлучува Ревизорското тело како имател на информации во постапка утврдена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што постапката ја води и комплетира Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер.

За прашања на постапката од членот 14 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кои не се уредени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

### 3.4. Постапување по Барање за информации од јавен карактер во електронска форма (преку е-маил)

Барањето поднесено во електронска форма (преку е-маил) се смета за писмено барање согласно со членот 14 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Службеното лице постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на барање во писмена форма, како и одредбите од Законот за општата управна постапка.

Службеното лице во име на Ревизорското тело како имател на информации при одлучувањето по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер изготвува неколку вида решенија кои ги доставува до Главниот ревизор за ИПА за потпис:

- Решение со кое се отфрла Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое позитивно се одговара на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое делумно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое целосно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 3.5. Постапување по Барање за информации од јавен карактер во случај кога се работи за исклучоци согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во случаи кога се работи за барања за пристап до информации од јавен карактер кои спаѓаат во делот на исклучоци од слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице, во соработка со останатите вработени во Ревизорското тело кои работат на соодветни предмети кои се поврзани со барањето, спроведуваат Тест на штетност како задолжителна постапка пред Службеното лице да изготви Решение со кое се одбива пристап до бараната информација. Кога се работи за покомплексни или пообемни барања за слободен пристап, Главниот ревизор за ИПА е должен да воспостави и да одржува соодветен систем на комуникација и поддршка помеѓу Службеното лице и другите вработени во

Ревизорското тело со цел правилно спроведување на целокупната постапка, вклучително со Тестот на штетност.

## 4. Листа на информации со кои располага Ревизорското тело

### 4.1. Постапување на Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во врска со листата на информации со кои располага Ревизорското тело

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер доставува листа на информации од јавен карактер со кои располага Ревизорското тело до вработеното лице кое има пристап и овластување за прикачување на податоци на веб страната на Ревизорското тело.

## 5. Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

### 5.1. Постапување на Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во врска со подготвување на Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 36 од Законот и истиот го доставува за потпис кај Главниот ревизор за ИПА. По потпишување од страна на Главниот ревизор за ИПА, Службеното лице го архивира годишниот извештај со печат на Ревизорското тело и го доставува преку електронска пошта до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари тековната година за претходната година.

Главен ревизор за ИПА,
м-р Milaim Abduraimi, CIA, CIAPS